

ЗАПИСНИК
Од петнаесеттата седница на Советот на општина Бутел
одржана на 29.09.2026 година, со почеток во 10:00 часот

Скопје, септември 2026 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр. 08 – 2129/2

ЗАПИСНИК
Од петнаесеттата седница на Советот на општина Бутел
одржана на 29.09.2026 година, со почеток во 10:00 часот

Петнаесеттата седница на Советот на општина Бутел се одржа на 29.09.2026 година, во салата за седници во општина Бутел.

На седницата присуствуваа советниците: Никола Божиновски, Весна Додевска, Оливера Николовска, Цветко Рајевски, Јулијана Спировска, Стефан Трпковски, Никола Димитриески, Теодора Спасенцовска – Стојковска, Сашо Тодоров, Љинкест Љумани, Сенијат Нухи, Фатмир Исмаили, Арменд Мурсели, Бехар Реџепи, Усеин Рамадан, Аљбеса Раман, Џемаиљ Зенделовски, Симон Бешлиев и Дарко Димовски.

На седницата исто така присуствуваа и Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев, раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов, раководителот на Правната служба г. Дејан Врангаловски и преставничката од одделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска – Стефановска.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство на членови и истиот може полноважно да одлучува.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски го стави на гласање Записникот од 14-та седница.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски отвори расправа по Записникот.

За збор се пријави советникот г. Арменд Мурсели и изјави дека има забелешка во врска со Записникот, односно дека не е се запишано и дека е изгубена суштината на неговиот говор, нагласи дека говор од седум минути не може да се напише во три реченици.

Претседателот на Советот му посочи на советникот дека Записникот не е стенограм и во него не се запишува се од збор до збор, односно дека се пишува само потребата што ја имал да ја каже советникот.

За збор се пријави советникот г. Арменд Мурсели и му одговори на Претседателот на Советот дека многу добро знае што претставува Записникот и кои содржини треба да бидат опфатени во него, но дека тоа не се практикува. Тој истакна дека е неприфатливо излагање во траење од седум минути да биде сумирано во само три реда во Записникот. Воедно, г. Мурсели укажа на потребата во иднина да се посвети поголемо внимание на изготвувањето на Записниците.

.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот г. Никола Божиновски го стави Записникот на гласање.

Советниците со 11 гласови „ЗА“, нема „ВОЗДРЖАНИ“ и 8 гласови „ПРОТИВ“ го усоија Записникот од 14 – та седница.

За седницата беше предложен следниот дневен ред:

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог – План за изменување и дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Бутел за 2026 година
   - (VAB) ВАБ – Изградба на градинка во дворот на ООУ Св. Климент Охридски – фаза2
   - (MBA) МБА – Заеднички напори за намалување на отпадот и подобрување на одржливоста - REDUCE
   - (VAA) ВАА – Реконструкција на ЈОУДГ 11 Октомври – Објект Бутел2
2. Предлог - Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Бутел за 2026 година.
3. Предлог - Годишен план за вработување за 2027 година за ЈОУДГ ,,11 Октомври” – Општина Бутел.
4. Предлог- Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за ужина и топол оброк за деца од социјално загрозени семејства.
5. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за топол оброк и ужинка во основните училишта за самохрани родители, со примања на просечна нето плата не повеќе од 48,499 денари.

Претседателот на Советот г. Никола Божиновски ги извести советниците дека има уште една дополнителна точка која гласи: Предлог- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Бутел и Градот Скопје за партерно и хортикултурно уредување и озеленување на паркова површина покрај Булевар Христијан Тодоровски Карпош во Општина Бутел бр. 08-475 од 26.02.2026 година.

Збор му беше даден на Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев да даде детално образложение по точката.

Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев даде детално образложение за дополнителната точка и потребата поради која точката повторно е на дневен ред.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и изјави дека би сакал да предложи иницијатива која гласи: Иницијатива Советот на општина Бутел да донесе Одлука за обезбедување општински градежни парцели по цена од 1 евро/м2 за млади брачни парови, повеќедетни семејства и самохрани родители. Истакна дека иницијативата произлегува од потребата да се помогне на семејствата кои немаат сопствено стамбено решение. Советникот нагласи дека доколку се усвои неговата иницијатива очекува од службите да изготват Предлог - Одлука која ќе биде донесена на наредната седница.

Претседателот на Советот одговори дека запознаен е со иницијативата и службите моментално ги разгледуваат можностите и прават анализа за можностите.

За збор се пријави Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев и му посочи на советникот дека иницијативата е одлична и дека била една од предизборните ветувања на Градоначалникот, но нагласи дека пред да се донесе било каква Одлука, најпрвин треба да бидат согледани можностите со кои располага општината, односно треба да се разгледа каде има државно неизградено земјиште.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и предложи иницијативата да биде ставена на гласање а во меѓувреме службите да изготват Предлог – Одлука и на некоја од наредните седници да биде ставена за гласање.

За збор се пријави Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев и му посочи на советникот г. Дарко Димовски дека доколку иницијативата биде прифатена ќе треба да се изготви Одлука во која треба да се обврзат за нешто, што најпрвин треба да се провери дали е возможно да биде спроведено. Нагласи дека поради тоа иницијативата треба добро да се разработи и да се разгледаат можностите.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и нагласи дека како советници имаат право да поднесат иницијатива. Советникот истакна дека иницијативата е само насока за секторот за урбанизам да отпочне со работа.

Претседателот на Советот му постави прашање на советникот дали е согласен, иницијативата да биде разгледана подетално од правната служба и да биде ставена на дневен ред на наредната седница.

Советникот г. Дарко Димовски одговори дека имале доволно време да ја разгледаат и не се согласи да биде оставена за наредната седница.

Претседателот на Советот му постави прашање на советникот г. Дарко да се изјасни како точно ќе гласи иницијативата, за Советниците да можат да гласаат, дали ќе биде ставена на дневниот ред.

Советникот г. Дарко Димовски истакна дека иницијатривата ќе гласи: : Иницијатива Советот на општина Бутел да донесе Одлука за обезбедување општински градежни парцели по цена од 1 евро/м2 за млади брачни парови, повеќедетни семејства и самохрани родители.

Претседателот на Советот се изјасни дека според него додека не се добие конечна анализа од службите е нелогично да се носи Одлука.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање првата дополнителна точка.

- Предлог- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Бутел и Градот Скопје за партерно и хортикултурно уредување и озеленување на паркова површина покрај Булевар Христијан Тодоровски Карпош во Општина Бутел бр. 08-475 од 26.02.2026 година.

Советниците со 19 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја изгласаа точката да биде дополнета на дневниот ред.

Претседателот на Советот ја стави на гласање и втората дополнителна точка која гласи:

- Иницијатива Советот на општина Бутел да донесе Одлука за обезбедување општински градежни парцели по цена од 1 евро/м2 за млади брачни парови, повеќедетни семејства и самохрани родители.

Советниците со 2 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и 17 гласа „ВОЗДРЖАНИ“ не ја изгласаа точката и точката не беше дополнета на дневниот ред.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот го стави на гласање предложениот дневен ред со дополнителната точка.

Советниците со 19 гасови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ го усвоја предложениот дневен ред.

По првата точка од дневниот ред Предлог – План за изменување и дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Бутел за 2026 година

- **(VAB) ВАБ – Изградба на градинка во дворот на ООУ Св. Климент Охридски – фаза2**
- **(MBA) МБА – Заеднички напори за намалување на отпадот и подобрување на одржливоста - REDUCE**
- **(VAA) ВАА – Реконструкција на ЈОУДГ 11 Октомври – Објект Бутел2,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за финансирање г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по точката.

Советничката истакна дека комисијата го разгледа Предлог – Планот за изменување и дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Бутел за 2026 година.

- (VAB) ВАБ – Изградба на градинка во дворот на ООУ Св. Климент Охридски – фаза2
- (MBA) МБА – Заеднички напори за намалување на отпадот и подобрување на одржливоста - REDUCE
- (VAA) ВАА – Реконструкција на ЈОУДГ 11 Октомври – Објект Бутел2 и го доставува до Советот да го донесе во предложениот текст.

Збор му беше даден на Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде детално образложение по точката.

Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог – Планот за изменување и дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Бутел за 2026 година.

- (VAB) ВАБ – Изградба на градинка во дворот на ООУ Св. Климент Охридски – фаза2
- (MBA) МБА – Заеднички напори за намалување на отпадот и подобрување на одржливоста - REDUCE
- (VAA) ВАА – Реконструкција на ЈОУДГ 11 Октомври – Објект Бутел2.

Претседателот на Советот отвори расправа во однос на првата точка.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и побара во стваката каде што стои купување на друг мебел, да биде образложено за што поточно ќе бидат потрошени средствата.

Раководителот на секторот за финансиски прашања му одговори на советникот дека со средствата е предвидено да се набават: завеси, маси, столчиња и се останато што е потребно за да може градинката да функционира.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање првата точка.

Советниците со 18 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија првата точка од дневниот ред.

По втората точка од дневниот ред Предлог - Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Бутел за 2026 година, збор и беше даден на претседателката на комисијата за финансирање г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по точката.

Советничката истакна дека комисијата ги разгледа Предлог - Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Бутел за 2026 година и ги доставува до Советот да ги донесе во продолжениот текст.

Збор му беше даден на Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде детално образложение по точката.

Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог - Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Бутел за 2026 година.

Претседателот на Советот отвори расправа по втората точка од дневниот ред.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и изјави дека во буџетот кога почнуваат колоните во горниот десен агол стои бројката милијарда и педесет и пет илјади денари, праша дали е грешка бидејќи во текстот било наведена друга сума.

Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов му одговори на советникот дека фискалната табела е стара и дека му е точна забелешката, но нагласи дека сега е во ред односно дека е корегирана.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и истоа така праша поради која причина во ставката 482920 која е наменета за реконструкција на улици, кога ќе се влезе во буџетот се отвара програмата за затворениот базент во ООУ„ Ацо Шопов“. Советникот исто така праша поради која причина има зголемување во сумата за јавното осветлување, која е причината за намалување на средства за градинката до ООУ„Св. Климент Охридски“, намалување на сумата за ЈП „Лајка“, побра и одговор зошто има намалување на плати кај државните службеници а зголемување на времени вработувања, колкав е бројот на вработени на кои се зголемени платите, колку вработени се префрлени од договор на дело во времени вработувања и последно прашање се однесуваше за градинката, праша како градинката ќе функционира ако и се остават нула денари на сметка.

Раководителот на секторот на финасии му даде детално образложение на советникот на сите прашања.

За збор се пријави советникот г. Арменд Мурсели и изјави дека добил повик од лица кои биле членови на комисиите на локалните избори и прашуваат поради која причина остатокот од средствата се уште не и е исплатен, нагласи дека добиле само

дел од средствата. Советникот праша кој е рокот за исплата на средствата и која е причината поради која не се исплатени сеуште.

Раководителот на секторот за финансиски прашања одговори дека средствата кои не се доплатени се од делот што Градот Скопје треба да ги исплати и дека имало измена во правилникот за исплата на членовите на изборните комисии, истакна дека не би можел да знае кога точно ќе бидат исплатени но смета дека до крајот на годината ќе бидат исплатени.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање втората точка.

Советниците со 18 гласови „ЗА“, 1 глас „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија втората точка од дневниот ред.

По третата точка од дневниот ред Предлог - Годишен план за вработување за 2027 година за ЈОУДГ ,,11 Октомври” – Општина Бутел, збор и беше даден на претседателката на комисијата за општествени дејности г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по точката.

Советничката истакна дека комисијата го разгледа Предлог - Годишниот план за вработување за 2027 година за ЈОУДГ ,,11 Октомври” – Општина Бутел и го доставува до Советот да го донесе во продолжениот текст.

Збор и беше даден на преставничката од Одделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска – Стефановска да даде детално образложение по точката.

Преставничката од Одделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска – Стефановска даде детално образложение по Предлог - Годишниот план за вработување за 2027 година за ЈОУДГ ,,11 Октомври” – Општина Бутел.

Претседателот на Советот отвори расправа по третата точка од дневниот ред.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и и постави прашање на преставничката од Одделението за јавни дејности и месна самоуправа која е причината поради која не се реализираат вработувањата кога иста владеачката партија е на централно и на локално ниво.

За збор се пријави советникот г. Арменд Мурсели и изјави дека би сакал да праша врз основа на што ќе бидат овие вработувања и дали ќе биде опфатена етничката застапеност во овие вработувања.

Преставничката од Одделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска – Стефановска одговори дека откако ќе бидат добиени согласностите ќе биде објавен конкурс и ќе може да конкурира секој што ќе сака и дека нема да биде наведена националност.

За збор се пријави советникот г. Арменд Мурсели и апелираше доследно да се почитува принципот на правична и соодветна застапеност на етничките заедници при новите вработувања.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање третата точка.

Советниците со 17 гласови „ЗА“, 1 глас „ПРОТИВ“ и 1 глас „ВОЗДРЖАН“ ја усвоија третата точка од дневниот ред.

По четврттата точка од дневен ред Предлог- Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за ужина и топол оброк за деца од социјално загрозени семејства, збор и беше даден на претседателката на комисијата за општествени дејности г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по точката.

Советничката истакна дека комисијата ја разгледа Предлог - Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за ужина и топол оброк за деца од социјално загрозени семејства и ја доставува до Советот да ја донесе во продолжениот текст.

Збор и беше даден на преставничката од Одделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска – Стефановска да даде детално образложение по точката.

Преставничката од Одделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска – Стефановска даде детално образложение по Предлог - Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за ужина и топол оброк за деца од социјално загрозени семејства.

Претседателот на Советот отвори расправа по четврттата точка од дневниот ред.

За збор се пријави советничката г-ѓа Сенијат Нухи и изјави дека таа е социјален работник и дека родителите не се информирани и бројката која е изнесена не е точна. Советничката исто така нагласи дека никаде не било објавено дека овие категории се ослободени од топол оброк.

Преставничката од Одделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска – Стефановска одговори дека во секое училиште класните раководители се должни да ја дадат бројката и да ги информираат родителите, исто така нагласи дека Градоначалникот на општина Бутел секогаш јавно ги објавува овие Одлуки и секој кој ги исполнува условите може слободно да се пријави.

Претседателот на Советот упати апел до Директорите на основните училишна на општина Бутел да земат за обврска да ги известат класните раководители со цел информацијата да стигне до сите што и е потребна оваа мерка.

За збор се пријави советничката г-ѓа Сенијат Нухи и изјави дека немало доволно информации и дека треба Директорите на училиштата да се заложат повеќе со цел информацијата да стигне до сите родители. Нагласи и дека има повеќе деца од колку што е преставено.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање четврттата точка.

Советниците со 19 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија четврттата точка од дневниот ред.

По петтата точка од дневен ред Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за топол оброк и ужинка во основните училишта за самохрани родители, со примања на просечна нето плата не повеќе од 48,499 денари, збор и беше даден на претседателката на комисијата за општествени дејности г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по точката.

Советничката истакна дека комисијата ја разгледа Предлог - Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за топол оброк и ужинка во основните училишта за самохрани родители, со примања на просечна нето плата не повеќе од 48,499 денари и ја доставува до Советот да ја донесе во продолжениот текст.

Збор и беше даден на преставничката од Одделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска – Стефановска да даде детално образложение по точката.

Преставничката од Одделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска – Стефановска даде детално образложение по Предлог - Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за топол оброк и ужинка во основните училишта за самохрани родители, со примања на просечна нето плата не повеќе од 48,499 денари.

Претседателот на Советот отвори расправа по петтата точка од дневниот ред.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и праша која е бројката на деца што ги опфаќа оваа мерка.

Преставничката од Одделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Валентина Зенговска – Стефановска одговори дека се работи за од 30 до 50 деца.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање петтата точка.
Советниците со 19 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија петтата точка од дневниот ред.

По шесттата дополнителна точка од дневниот ред Предлог- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Бутел и Градот Скопје за партерно и хортикултурно уредување и озеленување на паркова површина покрај Булевар Христијан Тодоровски Карпош во Општина Бутел бр. 08-475 од 26.02.2026 година, збор му беше даден на Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев да даде детално образложение по точката.

Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев даде детално образложение по Предлог- Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Бутел и Градот Скопје за партерно и хортикултурно уредување и озеленување на паркова површина покрај Булевар Христијан Тодоровски Карпош во Општина Бутел бр. 08-475 од 26.02.2026 година.

За збор се пријави советникот г. Дарко Димовски и праша дали сите средства ги покрива Градот Скопје.

Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев му одговори на советникот дека сите средства ги покрива Градот Скопје.

За збор се пријави советникот г. Арменд Мурсели и побара повеќе објаснување што се опфаќа во партерното и хортикултурното уредување.

Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев му појасни на советникот што точно опфаќа партерното и хортикултурното уредување.

За збор се пријави советникот г. Арменд Мурсели и праша колкав е буџетот на овој проект и за кој временски период е предвидено да биде завршен.

Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев одговори дека се предвидени четириесет и девет милиони денари за овој проект и дека од прилика за еден месец би бил завршен.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот ја стави на гласање шесттата дополнителна точка.

Советниците со 19 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија шесттата дополнителна точка од дневниот ред.

Бидејќи дневниот ред се исцрпи Претседателот на Советот констатираше дека петнаесеттата седница на Советот на општина Бутел е завршена.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
Никола Божиновски